ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен Весник на Република Македонија“ бр.05/2002), а во врска со член 19-а од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/1996, 9/1997, 6/2002, 19/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016 и 64/2018), како и Одлуката бр.08-1245/1 од 24.04.2018 година за распишување на јавен конкурс за избор на директор на Јавното претпријатие „КОМУНАЛЕЦ“ - Крива Паланка, Градоначалникот на Општина Крива Паланка распишува:

**ЈАВЕН КОНКУРС**
**за избор на Директор на ЈП „КОМУНАЛЕЦ“ - Крива Паланка**

Се распишува јавен конкурс за избор на Директор на Јавното претпријатие „КОМУНАЛЕЦ“- Крива Паланка со мандат од 4 (четири) години.

Кандидатите на конкурсот треба да ги исполнуваат следните општи услови:

- да е државјанин на Република Македонија,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност,
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност,

За директор може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование,
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност,
- има минимум пет години работно искуство,
- поседува еден од следните меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години и тоа: ТОЕФЕЛ ИБТ (TOEFL iBT) - најмалку 74 бода, ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода, ИЛЕЦ (ILEC Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво, ФЦЕ (FCE Cambridge English: First) - положен или БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода, и
- има положено психолошки тест и тест за интегритет.

Кандидатите со пријавата се должни да достават:

- кратка биографија на кандидатот,
- уверение за државјанство на Република Македонија,

- доказ за завршено образование (диплома или уверение),
- уверение дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност,
- доказ за работното искуство,
- сертификат за познавање на англиски јазик,
- уверение за положен психолошки тест и тест за интегритет.

Пријавите со потребната документација се доставуваат во затворено необележано плико преку архивата на Општина Крива Паланка или по пошта на следната адреса: - **Општина Крива Паланка, ул.„Св.Јоаким Осоговски“ бр.175, до Градоначалникот на Општина Крива Паланка со единствена назнака „ЗА ЈАВЕН КОНКУРС за избор на Директор на ЈП КОМУНАЛЕЦ – Крива Паланка“**.

Рокот за пријавување на кандидатите за јавниот конкурс е **5 (пет) дена** од денот на неговото објавување во дневните весници не сметајќи го денот на објавување во дневниот весник.

Пристигнатите документи ги прегледува тричлена комисија избрана од Градоначалникот на Општина Крива Паланка, која во рок од **8 (осум) дена** по истекот на рокот на конкурсот целокупната документација ја доставува до Градоначалникот на Општина Крива Паланка.

Градоначалникот на Општина Крива Паланка во рок од **15 (петнаесет) дена** од денот на доставувањето на документацијата, донесува одлука за избор на директор.

Ненавремената, нецелосната и неуредната пријава нема да биде предмет за разгледување.

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник**
**Борјанчо Мицевски**